# ГАРАНЦИСКИ УСЛОВИ ЗА АЛАТИТЕ МАКИТА ЗА МАКЕДОНИЈА

За секој алат на Makita, се спроведува детална контрола и строг надзор за потврда на квалитетот. Кон статутарните и договорните права, за секој алат Makita нуди 12 месечна гаранција од датумот на купување за работа без дефекти. Во овој период, Makita ќе го поправи секој дефект во работењето на алатот на свој трошок. Овластената сервисна служба ќе го поправи производот во најкраток можен рок, а доколку во текот на гарантниот рок не биде поправен во рок од 30 дена, истиот ќе биде заменет со нов. Трговецот е должен најмалку за пет години од денот на производството на производот, но не помалку од две години од денот на истекот на гаранцијата на производот, да обезбеди резервни делови.

**ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈАТА ДО 36 МЕСЕЦИ.**

За сите Макита електрични или алати на гориво (освен за серијата DFT, DFL, DTDA и DTWA, Briggs & Stratton мотори, Honda мотори, пневматските алати, компресори, батерии, полначи и батериските ламби), купени од 01.01.2011 кај авторизиран дистрибутер во Македонија, Макита нуди доброволно продолжување на гаранцијата до 36 месеци, под услов купувачот да го регистрира алатот на WEB-страната, www.mk.makita-see.com во рок од 4 недели од датумот на купувањето (евидентиран на сметката). За да се регистрира алатот, набавувачот мора да даде согласност за обработка на податоците за маркетиншки цели. По регистрацијата, набавувачот ќе добие сертификат за продолжената гаранција, што мора да се сними или испечати. Продолжението на гаранцијата е применливо само за купувачите со постојано жителство во Македонија.

**ИСКЛУЧОК ОД ГАРАНЦИЈАТА**

Гаранцијата не ги покрива штетите предизвикани од:

- несоодветно или невнимателно користење (на пример, погрешно користење или користење на несоодветна опрема и прибор;
- неавторизирано мешање во алатот (на пример, отворање на производот и измени на алатот);
- механичко оштетување или преоптеретување на алатот;
- пренизок или превисок напон;
- надворешно влијание (поради паѓање или удар);
- користење на неоригинална опрема и прибор;
- несоодветна инсталација на алатот;
- недоволно или несоодветно одржување на алатот;
- редовно абење (на пример абење на компонентите како што се јаглените четкички, лежиштата, прекинувачите, каблите и заптивките, подлоги, држачи, стезни глави);
- оштетување при транспорт по примопредавањето на алатот;
- неследење на упатствата за користење;
- од виша сила.

Гаранцијата исто така не ги покрива демонтирањата, делумните демонтирања или поправките со неоригинални резервни делови или алатите кои биле поправани од неавторизирани лица.
Гаранцијата не се применува за редовните периодични одржувања, расходливи или потрошни делови (како што се четкички, масла, масти) и не го покрива редовното абење на алатот.

**БАРАЊЕ ЗА ПОПРАВКА ВО ГАРАНТЕН РОК**

Во случај на рекламација во гаранција, алатот мора да се донесе или испрати заедно со оригиналниот доказ за набавката (т.е. сметката), гарантниот сертификат и сертификатот за продолжена гаранција, на адресата на Makita или до овластениот сервисер (според списокот во сертификатот за продолжена гаранција). Податоци во приложените документи мора да се совпаѓаат.
Потрошувачот нема право да бара замена на производот или враќање на платениот износ, доколку недостатокот што се сервисира е минимален, односно не влијае врз квалитетот и перформансите на основната функција на производот.

**ЗАКОНСКИТЕ ПРАВА**

Потрошувачот ги има законските права кои произлегуваат од националното законодавство кое ја регулира продажбата на производите и тие права не се загрозени со гаранцијата.

**MAKITA d.o.o.**, Brnčičeva 17, 1231 Ljubljana-Črnuče, info@makita.si, www.mk.makita-see.com